**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.08-678/13**
**21.10.2022 година**
**С К ОП Ј Е**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр.82/18 и бр.178/21) и 17 став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола, Наставно-научниот совет на единицата Факултет за безбедност - Скопје, на седницата одржана на ден 21.10.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување на студентите кои учествуваа во кампањата „И јас и ти – сите сме пешаци! Безбедноста на прво место!“ од надомест за пријавување на испит во дополнителна ноемвриска сесија на Факултет за безбедност – Скопје, во академската 2022/2023 година**

1. Одлуката за ослободување од надомест за пријавување на испит во ноемвриска казнена сесија на Факултет за безбедност – Скопје, во академската 2022/2023 година, за студентите кои учествуваа во кампањата „И јас и ти – сите сме пешаци! Безбедноста на прво место“ - кампања за заштита на пешаците во сообраќајот, а организирана од Факултетот за безбедност во соработка со Министерството за внатрешни работи и Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, одржана во градовите: Гостивар, Велес, Битола и Куманово, се усвојува.

2. Се одобрува ослободување од надомест за пријавување на испит во ноемриска казнена сесија во академска 2022/2023 година, за студентите- кои учествуваа во кампањата „И јас и ти – сите сме пешаци! Безбедноста на прво место“ - кампања за заштита на пешаците во сообраќајот, а организирана од Факултетот за безбедност во соработка со Министерството за внатрешни работи и Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, одржана во градовите Гостивар, Велес, Битола и Куманово, во календарската 2022 година.

3. Се утврдува ослободување од надоместот за пријавување на испит во ноемвриска казнена сесија, во износ од 1.000,00 денари. Ослободувањето од надоместот ќе биде извршено врз основа доказ за учество во кампањата.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Примерок од Одлуката да се достави до: Продеканот за настава, Одделение за студентски прашања, Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење и архива.

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Никола Дујовски**

Изработил:
М-р Цветанка Радиновска Папова